РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ПЕТАР ПОП АРСОВ Ц.О.
Бр. 02-13/24
05.05 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 став (2) и (3),член 108 алинеа 1 точка 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19,229/20) и член 63 од Статутот на училиштето со дел.бр.01-688/1 од 27.11.2019 година ,Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Петар Поп Арсов" Скопје – Карпош, на седницата одржанана ден 05.05.2022 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**

**С Т А Т У Т О Т НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

**„Петар Поп Арсов" Скопје - Карпош**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Во Статутот на општинско основно училиште "Петар Поп Арсов" Скопје-Карпош со дел бр.01-688/1 од 27.11.2019 година за кој е добиена согласност од Министерството за образование и наука со бр. УП118-877 од 12.06.2020 год.во глава III после членот 12 се додава нов член 12-а кој гласи

Член 12 -а

Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување со бр.18-6570/1 од 06.07.2020 год. и Водичот за работа на училишниот инклузивен тим донесено од страна на Министерство за образование и наука ќе се применува во сите случаи опфатени во Упатството и Водичот.

**Член 2**

Другите членови од Статутот на ООУ„Петар Поп Арсов" Скопје - Карпош остануваат неизменети.

**Член 3**

Измените и дополнувањата на Статутот на ООУ "Петар Поп Арсов" Скопје - Карпош влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на училиштето, а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерството за образование и наука, по претходно добиено позитивно мислење од основачот.

Бр. 02-13/24
05.05.22 година

П Р Е Т С Е Д А Т Е Л
НА УЧИЛИШЕН ОДБОР
Мирјана Бислимовска

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ПЕТАР ПОП АРСОВ Ц.О. РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ